# НОВО срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 141. Дата: 03. 09. 2012.**


## МРЗЛИВОСТА

Правејќи шеги на сметка на другите, честопати црногорците ги опишуваме како мрзлив народ. Некој дури и се потрудил да напише „правила“ и совети за негување на мрзливоста и ги нарекол „десет црногорски заповеди“. Нив ги презентираме во текстот што следува:




1. Човекот се раѓа уморен и живее за да се одмара.
2. Љуби го својот кревет како себеси.
3. Одмарај се преку ден, за да можеш навечер да спиеш.
4. Ако гледаш дека некој се одмара, оди и помогни му.
5. Ако гледаш дека некој работи, тргни се, за да не пречиш.
6. Немој да работиш. Работата убива.
7. Во ладовинката е животот. Од одмарање никој не умрел.
8. Работата носи болест. Немој да умираш млад.
9. Секогаш работи помалку од тоа што можеш да го сработиш, а останатото префрли го на друг.
10. Ако имаш желба за работа, седни и почекај и ќе видиш дека ќе ти помине желбата.

Веројатно сите сме биле во искушение, понекогаш да ги примениме овие „совети“, а во одредени ситуации, особено кога ќе не фати мрзата, можеби ќе ни звучат и многу мудри.

Сепак, колку и да е примамливо да се излежуваме по цел ден, тоа не е ниту здраво, ниту корисно, ниту пак е причината за која што Бог го создал човекот.
Замислете на што би заприлегал светот ако луѓето би се придржувале до овие правила? Што би се случило ако мрзливоста завладее со светот? Мајката не би се грижела за своето дете, земјоделецот би ја запуштил својата нива, ученикот би ги баталил книгите; спортистот би ги напуштил тренинзите; научникот би престанал со истражувањата; лекарот би престанал да се грижи за болните, хуманистот-за сиромашните и бедните; полицаецот и војникот би престанале да се грижат за сигурноста, редот и мирот во државата...

Токму затоа Библијата е полна со мудри изреки, кои зборуваат за последиците од мрзата.
Еве некои од нив се запишани од цар Соломон, во книгата „Поговорки“ :

- Мрзливиот нема да го улови својот лов, а трудољубието е скапоцено благо за човекот.
- Душата на мрзливиот сака но без успех, а ќе се исполни желбата на трудољубивите.
- Патот на мрзливиот е како глогово трниште, а патеката на праведникот е разгазена.
- Мрзливиот не сака да оре поради зимата, во времето на жетвата тој бара и ништо нема.
- Мрзливиот го убива неговата желба, зашто неговите раце одбиваат да работат.
- Како што вратата се врти на своите стожери, така и мрзливиот на својата постела.
- Мрзливиот ја натопува раката во чинијата, ама не може да ја принесе до устата.
- Мрзливиот самиот се прави помудар од седуммина, кои одговараат умно.
- Мрзливата рака го осиромашува човекот, а трудољубивата го збогатува.




**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**